20111513332

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 8, а во врска со член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/06 ,18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2011, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ПАКЕТИ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО – КОНСУЛТАТИВНА СТОМАТОЛОШКА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА СПЕЦИФИЧНИ И КОМПЛЕКСНИ СЛУЧАИ

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат референтни цени за пакети на завршени епизоди на лекување од областа на специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита и тоа:

1.Референтни цени на пакети на завршени специјалистичко – консултативни стоматолошки услуги од областа на детска и превентивна стоматологија:

Реден број	Шифра	Назив на здравствена услуга	Референтна цена
1	ДС 01	Специјалистички преглед со утврдување на дијагноза циркуларен кариес, чистење на меки и тврди наслаги на сите заби и полирање и флуоризација кај деца до 3 годишна возраст	1,350
2	ДС 02	Специјалистички преглед со залевање на фисури кај деца до 3 годишна возраст до 8 заба	1,170
3	ДС 03	Специјалистички преглед за утврдување на неправилности во развојот и структурата на забите и/или заболување на пародонтот, отстранување на меки и тврди наслаги и анализа на панорамикс	700
4	ДС 04	Реставрација на еден заб при неправилност во форма, големина, боја и структура/ при општо или системско заболување/траума без експонирана пулпа	1,100
5	*ДС 05	Специјалистички преглед и конзервативен третман на кариес на млечни заби (пломбирање) со и без третман на кариес профунда, за специфични случаи	950

6	*ДС 06	Специјалистички преглед со ендодонтски третман на млечни заби со примена на витална метода односно со мортална метода односно при гангрена и дефинитивно затварање (пломбирање) на забот, за специфични случаи	1,700
7	ДС 07	Ендодонтски третман на заби со незавршен раст на корен со пломбирање или контрола и ревизија на полнењето и пломбирање на заб со незавршен раст на корен	2,050
8	ДС 08	Третман на авулзија/екструзија на заб со незавршен раст на корен (по 2 часа од траумата) со два контролни прегледа и отстранување на шината	3,100
9	ДС 09	Екстракција на заб кај пациент со општо или системско заболување до 18 год	1,200
10	*ДС 10	Пломбирање на заби кај деца со посебни потреби до 3 заба	2,900
11	*ДС 11	Комбиниран специјалистички пакет за третман на заби кај деца со посебни потреби до 7 заба	5,500

2. **Референтни цени за пакети и услуги од специјалистичко консултативната стоматолошка здравствена заштита од областа на орална патологија и пародонтологија (болести на устата и пародонтот)**

Реден број	Шифра	Назив на здравствена услуга	Референтна цена
1	БУ01	Специјалистички преглед утврдување на заболување на пародонтот и негови компликации (наод и мислење)	380
2	БУ02	Обработка (длабока киретажа) на пародонтален џеб по регија до 6 заба со чистење на забен камен	800
3	БУ03	Обработка (длабока киретажа) на пародонтален џеб по регија до 14 заба со чистење на забен камен	1,400
4	БУ04	Обработка (длабока киретажа) на пародонтален џеб по регија над 14 заба со чистење на забен камен	2,500
5	БУ05	Хируршки зафат на хипертрофична гингива (гингивектомија) со контрола	1,100

6	БУ06	Хируршки зафат за продлабочување на вестибулум (периостална сепарација) со контрола и вадење на конци	1,700
7	БУ07	Основен специјалистички пакет за преглед, мислење и третман на локални промени на ниво на орална лигавица	480
8	БУ08	Проширен специјалистички пакет за преглед, мислење и третман на заболување на орална лигавица со брис за цитологија, земање материјал за алерголошки испитувања и земање материјал за биопсија	600
9	БУ09	Терапија на орална лигавица со отстранување на тврди и меки наслаги,остри забни ивици, рани контакти на оклузија и артикулација, физикална и биостимулирачка терапија и контрола	1,460
10	БУ10	Специјалистички преглед и мислење за орални фокуси и фокални инфекции	640
11	БУ11	Хирушки зафат FLAP (по регија) со контрола	3,300

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Број: 02-15600/5
10 октомври 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Јован Грповски, с.р